Состојба со COVID-19 во Северна Македонија и светот

СОСТОЈБА СО COVID-19 ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, период 02-08.11.2020

Тестирани се вкупно 19.719 материјали во лабораториите во кои се спроведува молекуларно тестирање за присуство на SARS-CoV-2, со зголемување од 13,3% во однос на минатата недела. Регистрирани се 7.280 нови позитивни случаи од 35 градови во државата со зголемување од 25,5% во однос на минатата недела. Најголем дел од регистрираните случаи се од Скопје (n=3.256; 44,7%), со неделна инциденца – 527,2/100.000 (Табела 1, Картограм 1).

Картограм 1. *Инциденца на 100.000 жители, COVID-19, 02-08.11.2020, Р.С. Македонија*



Регистрирани се заболени лица во сите возрасни групи. Најзастапена е возрасната група на лица на возраст над 60 (n=1543, 21,2%). Голем број на заболени се регистрира и кај лицата во возрасните групи од 30-39 год (n=1452; 19,9%), 40-49 (n=1403; 19,3%), 50-59 (n=1401; 19,2%) и 20-29 (n=1090; 15,0%). Најмал број е регистриран кај децата од 0-9 (n=120; 1,6%) и 10-19 години (n=252; 3,5%).

Во однос на дистрибуцијата по пол, пријавени се 3.758 (51,6%) лица од машки и 3.522 (48,4%) од женски пол.

По добиени 2 негативни теста за присуство на SARS-CoV-2 или со употреба на новиот алгоритам, како оздравени се водат 3.114 лица кои биле хоспитализирани или на домашно лекување.

Пријавени се 127 смртни случаи од 22 града, зголемување од 41,1% во однос на минатата недела. Во однос на возраста, 94 лица биле над 60 години, 19 лица на возраст од 50-59 години, 9 смртни случаи се пријавени од возрасната група 40-49 години, три случаи во возрасната група од 30-39 години и еден случај на возраст 20-29 години. Од смртните случаи, епидемиолошки се истражени 120 или 94%.

КУМУЛАТИВНА СОСТОЈБА СО COVID-19 ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Заклучно со 08.11.2020, пријавени се вкупно 40.275 случаи на COVID-19 (I=1.946,4/100.000). Според место на постојано живеење/ повремен престој, случаи на COVID-19 се регистрирани во 35 градови/ЦЈЗ низ државата. Најголем дел регистрирани во Скопје, Тетово, Куманово, Штип и Прилеп, додека највисок морталитет се регистрира во Струга, Прилеп, , Штип, Куманово, Дебар и Охрид. Од градовите каде што е регистриран поголем број на случаи, највисок леталитет се регистрира во Струга (Табела 1).

Табела 1. *Кумулативна дистрибуција на заболени од COVID-19 по ЦЈЗ/ПЕ, РС Македонија, 2020*

Дистрибуција по градови	Заболени (вкупно)	Кумулативна инциденца	Умрени (вкупно)	Морталитет (кумулативно)	Леталитет (кумулативно)	Оздравени (вкупно)	Активни случаи (вкупно)	Заболени (последни 7 дена)	Инциденца последни 7 дена	Заболени (последни 14 дена)	Инциденца последни 14 дена	Промена на инциденца во последни
Вкупно	**40275**	**1946,4**	**1156**	**55,9**	**2,9%**	**24229**	**14890**	**7280**	**351,8**	**12452**	**601,8**	▲ **35,2%**
Скопје	17524	2837,2	376	60,9	2,1%	10340	6808	3256	527,2	5590	905,0	▲ 28,9%
Куманово	2699	1891,5	94	65,9	3,5%	1926	679	333	233,4	538	377,0	▲ 42,0%
Тетово	2783	1393,2	123	61,6	4,4%	1732	928	450	225,3	815	408,0	▲ 34,9%
Штип	1963	3726,8	38	72,1	1,9%	1508	417	235	446,1	391	742,3	▲ 38,7%
Гостивар	1503	1254,9	69	57,6	4,6%	1008	426	233	194,5	382	318,9	▲ 64,7%
Прилеп	1818	1907,3	79	82,9	4,3%	974	765	377	395,5	673	706,1	▲ 32,0%
Струга	940	1385,4	77	113,5	8,2%	684	179	103	151,8	146	215,2	▲ 65,9%
Струмица	1221	1289,1	38	40,1	3,1%	541	642	225	237,5	327	345,2	▼ 22,5%
Кочани	901	1878,2	18	37,5	2,0%	595	288	152	316,9	253	527,4	▲ 40,6%
Охрид	958	1707,4	36	64,2	3,8%	532	390	59	105,2	95	169,3	▼ 58,0%
Битола	1054	1034,1	34	33,4	3,2%	502	518	343	336,5	639	626,9	▲ 133,2%
Велес	1188	1793,0	38	57,4	3,2%	472	678	167	252,0	267	403,0	▼ 34,9%
Кичево	761	1331,5	20	35,0	2,6%	442	299	313	547,7	478	836,4	▲ 168,5%
Свети Николе	553	2696,0	7	34,1	1,3%	424	122	36	175,5	63	307,1	▼ 10,0%
Кавадарци	745	1731,2	7	16,3	0,9%	378	360	208	483,3	456	1059,6	▲ 106,3%
Дебар	383	1379,9	18	64,9	4,7%	293	72	197	709,8	304	1095,3	▲ 721,6%
Гевгелија	383	1681,2	6	26,3	1,6%	219	158	38	166,8	64	280,9	▼ 44,3%
Ресен	292	1785,7	10	61,2	3,4%	190	92	39	238,5	59	360,8	▲ 11,3%
Крива Паланка	293	1225,1	13	54,4	4,4%	184	96	40	167,2	80	334,5	▲ 6,7%
Радовиш	309	947,5	12	36,8	3,9%	176	121	48	147,2	74	226,9	▼ 6,3%
Берово	256	1968,8	4	30,8	1,6%	177	75	49	376,8	93	715,2	▲ 86,0%
Делчево	240	1464,0	10	61,0	4,2%	111	119	35	213,5	61	372,1	▲ 134,6%
Пробиштип	263	1718,8	4	26,1	1,5%	163	96	57	372,5	114	745,0	▲ 60,6%
Виница	238	1225,1	5	25,7	2,1%	114	119	11	56,6	14	72,1	▼ 65,0%
Неготино	237	1222,9	3	15,5	1,3%	77	157	57	294,1	103	531,5	▲ 27,2%
Македонски Брод	116	1036,0	5	44,7	4,3%	96	15	29	259,0	39	348,3	▲ 387,5%
Валандово	120	1012,6	0	0,0	0,0%	85	35	3	25,3	6	50,6	▼ 78,6%
Демир Хисар	114	1360,9	2	23,9	1,8%	70	42	84	1002,7	132	1575,7	▲ 560,0%
Пехчево	63	1261,8	1	20,0	1,6%	58	4	11	220,3	28	560,8	▲ 300,0%
Македонска Каменица	82	1072,0	1	13,1	1,2%	35	46	20	261,5	32	418,4	▲ 23,1%
Богданци	85	1026,9	3	36,2	3,5%	38	44	34	410,8	60	724,9	▲ 106,9%
Кратово	97	1013,7	1	10,5	1,0%	34	62	16	167,2	26	271,7	▼ 16,1%
Крушево	48	503,7	4	42,0	8,3%	20	24	16	167,9	40	419,8	= 0,0%
Дојран	24	720,1	0	0,0	0,0%	17	7	3	90,0	4	120,0	▼ 20,0%
Демир Капија	21	513,6	0	0,0	0,0%	14	7	3	73,4	6	146,7	▲ 100,0%

Највисока кумулативна инциденца на 100.000 жители се регистрира во Штип со 3726,8 на 100.000 жители, Скопје (2.837,2/100.000) и Свети Николе (2.696,0/100.000), инциденца под 1.000 заболени на 100.000 жители е регистрирана само на територијата на Радовиш и Крушево. (Табела 1, Картограм 2).

***Картограм 2**. Инциденца на 100.000 жители, COVID-19, Р.С. Македонија*



Во однос на дистрибуцијата по пол, регистрирани се 20.666 машки и 19.609 женски лица. Специфичниот морбидитет кај машките е 1.993,8/100.000, додека кај женските 1.898,9/100.000.

Возраста на заболените се движи од 0 до 99 години (просек – 44 години). Најголем број на заболени се на возраст над 60 години – 8.392 (20,8%) со инциденца од 2189,5/100.000, а највисока специфична инциденца од 2.631,1/100.000 се регистрира на возрасната група од 50-59 години (7.316 заболени). Најниска инциденца од 467,9 и 753,0 на 100.000 жители се регистрира кај деца на возраст од 0-9 и 10-19 години, каде се пријавени 1.071 и 1.884 случаи соодветно (Графикон 1).

***Графикон 1**. Дистрибуција на заболените од COVID-19 според возрасна група, (n=40.256)*

Во однос на датумот на пријавување, првиот случај е регистриран на 26.02.2020. Највисок број на пријавени случаи на дневно ниво (n=1.287) е регистриран на 04.11.2020.

Првиот случај е регистриран во 9-тата недела, а од 11-тата недела во 2020 година континуирано се регистрираат нови потврдени случаи. Минатата недела е регистриран најголем број на заболени на неделно ниво (n=7.280) (Графикон 2).

***Графикон 2.** Дистрибуција на заболените од COVID-19 во С. Македонија според недела на лабораториска дијагностика, 2020 година (n=40.275)*



Од случаите кои се епидемиолошки истражени (n=30.321; 74.5%), 15,0% (n=4.536) се/биле хоспитализирани во текот на болеста, а останатите биле/се на домашно лекување, асимптоматски или со полесна клиничка слика.

Според извештаите од болниците кои пристигнаа до ИЈЗ (КИБФС, ГОБ 8-ми Септември, ИБЗД Козле, Клинички болници Штип, Тетово и Битола, Општи болници Прилеп, Куманово, Охрид, Гостивар, Струга, Струмица, Велес, Кочани, Кавадарци, Кичево, Дебар, УК за гинекологија и акушерство, Клиника за неурологија, Кожна клиника и ТБЦ Институт, моментално се хоспитализирани 857 лица, а од нив 285 се на кислородна поддршка и 18 на инвазивна/неинвазивна механичка вентилација.

Во однос на симптомите кои се пријавени кај заболените лица, најчесто се регистрирани температура (68,7%), малаксаност (41,5%), кашлица (39,6%), главоболка (18,9%), болка во грло (15,7%), треска (13,0%), мускулна болка (13,0%), ослабен осет за мирис и/или вкус (11,6%) и отежнато дишење (9,9%).

Од случаите кои се епидемиолошки истражени (n=30.195; 75%), кај 7.258 или 24% од дијагностицираните лица не се регистрирани симптоми на заболувањето.

Од случаите кои се епидемиолошки истражени (n=30.195; 75%), пријавени се 221 (0,7%) случај кај бремени жени, од кои 50 биле хоспитализирани во текот на болеста. Од вкупниот број на регистрирани бремени жени, 76 се асимптоматски случаи.

Од случаите кои се епидемиолошки истражени (n=30.195; 75%), регистрирани се 1.540 (5%) случаи на заболување меѓу здравствени работници.

Во однос на коморбидитети, од случаите кои се епидемиолошки истражени (n=30.195; 75%), кај 8.324 (27,6%) лица се присутни хронична/и здравствени состојби, од кои 5.805 лица имаат кардиоваскуларна болест, 2.147 дијабет, 1.162 се со хронична белодробна болест и 1.592 со други хронични болести. Од хоспитализираните случаи, кај 2.609 (58,0%) се присутни коморбидитети.

Регистрирани се 1.156 смртни случаи (Лт = 2,9%). Во однос на дата на смрт најголем број на смртни случаи се регистрирани на 02.11.2020 година (n=25), а според недела на пријавување во тек на 45-тата недела (n=127) (Графикон 3). Од регистрираните смртни случаи, најголем дел се на возраст над 60 години (n=866) каде е регистриран и највисок специфичен морталитет – 225,9/100.000 жители. Регистрирани се 728 смртни случаи кај лица од машки и 428 кај лица од женски пол. Од починатите, кај 821 (71,0%) се регистрирани коморбидитети, најчесто кардиоваскуларна болест (n=618), дијабет (n=303) и белодробна болест (n=144). Регистрирани се три смртни случаи кај бремени жени и дванаесет смртни случаи кај здравствени работници. Седумдесет и три (6,3%) од пријавените случаи починале во вонболнички услови, а останатите 1077 (93,2%) починале за време на хоспитализација.

Графикон 3. *Дистрибуција на смртни случаи од COVID-19 во С. Македонија според дата на смрт, 2020 година (n=1.156)*



Од случаите кои се епидемиолошки истражени (n=30.195; 75%), 678 (2,2%) се импортирани, од нив 10 се детектирани на точка на влез. Вкупно 11.753 лица (38,9%) имале контакт со веќе потврден случај на COVID-19 во државата.

Од 15.02-08.11.2020 тестирани се вкупно 272.892 материјали (детектирани 40.275 позитивни лица) во лабораториите во кои се спроведува молекуларно тестирање за присуство на SARS-CoV-2 и во лабораториите во кои се спроведува брз антигенски тест (Табела 2). Со ова во Р. С. Македонија се направени 131.885 тестови на 1.000.000 жители.

Табела 2. *Вкупен број на тестови направени за COVID-19 во Р.С. Македонија (n=253.173)**

Кумулативен број на тестови	Вкупно тестови	Вкупно позитивни	Тестови скрининг	Позитивни скрининг	Тестови рутина	Позитивни рутина
Сите лаборатории	**272892**	**40275**	**4982**	**24**	**267910**	**40251**
ИЈЗ - Вирусологија	104768	17615	3226	22	101542	17593
ЦЈЗ Скопје	6216	1650	0	0	6216	1650
Авицена	34594	4840	0	0	34594	4840
Биотек	27058	2373	0	0	27058	2373
Жан Митрев Клиника	33684	3279	0	0	33684	3279
Систина	27032	2683	0	0	27032	2683
Лаор	4242	500	0	0	4242	500
МАНУ	19881	4524	1756	2	18125	4522
Ветеринарен Факултет	755	81	0	0	755	81
Судска медицина	1124	90	0	0	1124	90
ЦЈЗ Битола	7586	1607	0	0	7586	1607
КИБФС	1280	234	0	0	1280	234
ГАК	1371	50	0	0	1371	50
Синлаб	2731	556	0	0	2731	556
Ремедика	219	56	0	0	219	56
ИБЗД Козле	177	88	0	0	177	88
ЗД СКопје РТ	166	41	0	0	166	41

*8 лица се лабораториски потврдени во странство

Според исходот од заболувањето, 14.890 лица (37,0%) се активни случаи, 24.229 случаи (60,2%) се водат како оздравени (од нив 1.272 се здравствени работници и 189 бремени жени), испишани од болница, со 2 негативни теста по домашното лекување или по новиот алгоритам (Табела 4, Графикон 5). Од случаите кои се водат како оздравени, 2.875 (11,8%) биле хоспитализирани додека останатите 21.354/ (88,2%) биле на домашно лекување.

Табела 4. *Исход на заболување по градови, Р.С. Македонија (n=40.275)*

Дистрибуција по град	Болест во тек	Оздравен	Смртен исход	Вкупно
Скопје	6808	10340	376	17524
Тетово	928	1732	123	2783
Куманово	679	1926	94	2699
Штип	417	1508	38	1963
Прилеп	765	974	79	1818
Гостивар	426	1008	69	1503
Струмица	642	541	38	1221
Велес	678	472	38	1188
Битола	518	502	34	1054
Охрид	390	532	36	958
Струга	179	684	77	940
Кочани	288	595	18	901
Кичево	299	442	20	761
Кавадарци	360	378	7	745
Свети Николе	122	424	7	553
Дебар	72	293	18	383
Гевгелија	158	219	6	383
Радовиш	121	176	12	309
Крива Паланка	96	184	13	293
Ресен	92	190	10	292
Пробиштип	96	163	4	263
Берово	75	177	4	256
Делчево	119	111	10	240
Виница	119	114	5	238
Неготино	157	77	3	237
Валандово	35	85		120
Македонски Брод	15	96	5	116
Демир Хисар	42	70	2	114
Кратово	62	34	1	97
Богданци	44	38	3	85
Македонска Каменица	46	35	1	82
Пехчево	4	58	1	63
Крушево	24	20	4	48
Дојран	7	17		24
Демир Капија	7	14		21
ВКУПНО	**14890**	**24229**	**1156**	**40275**

Графикон 5. *Дистрибуција на заболените од COVID-19 во С. Македонија според исход и вкупен број, 2020 година (n=40.275)*



ПРОЦЕНА НА РИЗИК ЗА ПОНАТАМОШНО ШИРЕЊЕ НА COVID-19

Проценката на СЗО на глобално ниво и на ниво на Европски Регион за понатамошно ширење на COVID-19 кажува дека ризикот е висок.

Според категоризацијата на ризикот се проценува дека:

- Република Северна Македонија е во фаза 4 (широко-распространета трансмисија во заедницата).

СОСТОЈБА СО COVID-19 ВО СВЕТОТ

Согласно последните податоци објавени од СЗО, заклучно со 10.11.2020:

Број на потврдени случаи на глобално ниво **– 50.459.886**

Број на смртни случаи на глобално ниво **– 1.257.523**

- **Регион на СЗО Америка**
  - Потврдени случаи – 21.842.460
  - Смртни случаи – 660.506

- **Европски Регион на СЗО**
  - Потврдени случаи – 13.366.839
  - Смртни случаи – 313.781

- **Регион на СЗО Југоисточна Азија**
  - Потврдени случаи – 9.743.751
  - Смртни случаи – 150.538

- **Источно-Медитерански Регион на СЗО**
  - Потврдени случаи – 3.368.738
  - Смртни случаи – 85.868

- **Африкански Регион на СЗО**
  - Потврдени случаи – 1.362.566
  - Смртни случаи – 30.666

- **Регион на СЗО Западен Пацифик**
  - Потврдени случаи – 774.791
  - Смртни случаи – 16.151

УПАТСТВА И ПРЕПОРАКИ ЗА ЈАВНОСТА

- ✓ За повеќе информации од видот на најчесто поставувани прашања, вистини и митови во врска со корона вирусот можете да прочитате на

http://www.iph.mk/prasanja-i-odgovori-za-korona-virusot/

- ✓ Општите препораки од СЗО за превенција на болеста можете да ги најдете на следната страна

http://www.iph.mk/preporaki-od-szo/

- ✓ За препораките за патници кои доаѓаат/ се враќаат од ризични земји во Македонија

http://www.iph.mk/korona-preporaki/
http://www.iph.mk/preporaki-za-patnici-koi-doagaat-od-rizicni-regioni-so-covid19/

- ✓ Препораки како да се заштитите себе си

http://www.iph.mk/covid-19-kako-da-se-zastitite-sebesi/

- ✓ Доколку некој близок има симптоми слични на тие со болеста, можете да го прочитате СЗО упатството за домашно лекување на сомнителните случаи на

http://www.iph.mk/upatstvo-za-ncov/

- ✓ За упатства за здравствените работници

http://www.iph.mk/posteri-corona-zr-lzo-i-mienje-race/
http://www.iph.mk/kontrola-na-infekcija-covid19-lzo/

- ✓ Веб страна на Министерство за здравство поврзано со COVID-19

http://zdravstvo.gov.mk/korona-virus/

- ✓ Веб страна Владата на РСМ поврзано со COVID-19

https://vlada.mk/covid19

ИНФОРМАЦИЈА ЗА ЈАВНОСТА

Лицата кои имаат симптоми на грип или симптоми слични на грип (покачена температура над 38°C, треска, отежнато дишење, болки во градите, сува кашлица и др.), од страна на избраниот лекар прво да се прашаат за можен контакт со потврден случај. Избраниот лекар закажува термини за тестирање.

Само доколку лицето со симптоми патувало или имало контакт со потврден случај, да се упатува да се јави на бесплатниот телефонски број за прашања поврзани со коронавирусот.

0800 002 03

Скопје, 10.11.2020

Оддел за епидемиологија на заразни болести
Институт за јавно здравје